Врз основа на член 4 од Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на финансиски средства за спроведување на настани, манифестации, проекти и проектни активности од областа на локалниот економски развој бр. 08-5380/1 од 22.05.2023 година, а во врска со Програмата на активностите од областа на локалниот економски развој на подрачјето на Град Скопје за 2023 година („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 08/23), Градот Скопје објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## за прибирање на пријави за доделување на финансиски средства за реализација на проектот - Порибување реки и езера во Скопје за 2023 година

Распределбата на средствата од Буџетот на Град Скопје за 2023 година, (потпрограма Г2, ставка 464, потставка 464990) – наменети за финансиска поддршка за реализација на проектот – Порибување реки и езера во Скопје за 2023 година, ќе се врши врз основа на Програмата на активностите од областа на локалниот економски развој на подрачјето на Град Скопје за 2023 година (Службен гласник на Град Скопје бр.8/23).

### 1.Опис на јавниот повик

Предмет на јавниот повик е доделување на финансиски средства за реализација на проект-Порибување реки и езера во Скопје за 2023 година.
Целта на јавниот повик е избор на реализатор на порибувањето со цел е да се овозможи заштита на македонската пастрмка, зголемување на рибниот фонд по течението на реката Треска, вклучувајќи ги акумулациите Матка, Св. Петка , езерцата во градски парк, како и збогатување на туристичката атракција, преку развој и промовирање на високо квалитетен рекреативен и спортски риболов.

### 2. Предвидени средства

За реализација на проектот-Порибување реки и езера во Скопје за 2023 година предвидени се финансиски средства во вкупен износ од 900.000,00 денари.

Средствата се обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2023 и се предвидени во Програмата на активностите од областа на локалниот економски развој на подрачјето на Град Скопје за 2023 година.

### 3. Право на учество на јавниот повик

Право на учество на јавниот повик имаат правни лица, регистрирани во Цеентрален Регистар со седиште во Скопје, согласно Законот за здруженија и фондации и Законот за трговски друштва кои го исполнуваат условот и општите критериуми од овој повик и ја доставиле потребната документација.

### 4. Посебни критериуми и начин на бодување за доделување на финансиски средства

| **КРИТЕРИУМИ** | **Максимален број на бодови** |
|---|---|
| **1.Искуство на апликантот во спроведување и реализирање на исти или слични проекти.** | **40** |
| 1.1.Професионална биографија на стручните лица кои ќе бидат ангажирани во реализација на проектот; | 10 |

| | |
|---|---|
| 1.2.Биографија на надворешни (независни) лица кои ќе вршат целосен надзор на процесот на порибување | 10 |
| 1.3.Референтна листа на досега сработени исти или слични проекти(активности); | 10 |
| 1.4.Најмалку две мислења/референци од партнери или донатори за реализација на претходни проекти со иста или слична цел; | 10 |
| **2.Детално разработен финансиски план за потребните средства за реализација на проектот и оправданост на трошоците во предложениот финансиски план.** | **20** |
| 2.1.Дали предложениот финансиски план е реален (Описот на трошоци по категории позиции соодветствува со пазарните цени-детално разработен финасиски план; | 10 |
| 2.2.Дали организацијата обезбедува процент на сопствено учество во остварување на проектот; | 10 |
| **3.План за реализација на предвидените активности* за порибување на реките и езерата во Скопје и капацитет на организацијата да се извршат предвидените активности** | **40** |
| 3.1.Писмена поддршка од други организации или институции за кои е планирано да земат учество во реализацијата на проектот (институт за сточарство-завод за рибарство, ЈНУ хидробиолошки институт или одобрение од државен инспекторат за земјоделие-оддел рибарство) | 10 |
| 3.2.Доказ дека апликантот го обезбедил или дека ќе го обезбеди порибителниот материјал (писмо за поддршка или преддоговор) со правен субјект овластен да произведува порибителен материјал; | 10 |
| 3.3.Дали планот за спроведување на проектот е јасен и остварлив | 10 |
| 3.4.Дали организацијата поседува или ангажира специјализирани возила за пренос на порибителен материјал; | 10 |
| **Максимален број на бодови** | **100** |

**Секоја област од посебните критериуми ќе се вреднува со 1 бод, 5 бода или 10 бодови, со следното значење: 1-не, 5-делумно и 10-да*

***Напомена:** Под предвидени активности од точката 3.2 од критериумите на јавниот повик се сметаат:

| **Активности по проектот** | **Тежина (големина) на единки** | **Просечна тежина по единка во кг** | **Број на единки** | **Порибителен материјал во килограми** |
|---|---|---|---|---|
| Порибување со порибителен материјал (риба) - македонска ендемска пастрмка(Salmo macedonicus Karaman,1924) | од 20 грама до 50 грама | 0,04 | 2800 | од 105 до 115 |
| Порибување со порибителен материјал (риба) - македонска ендемска пастрмка(Salmo macedonicus Karaman,1924) | од 50 грама до 200 грама | 0,15 | 1200 | од 175 до 185 |
| Порибување со порибителен материјал (риба) – крап (cyprinus carpio) и други слатководни автохтони видови бела риба | од 500 грама до 800 грама | 0,7 | 800 | од 555 до 565 |

Во постапката за распоредување на буџетските средства од Програмата на активностите од областа на локалниот економски развој на подрачјето на Град Скопје за 2023 година, ќе бидат разгледани оние пријави кои врз основ на критериумите ќе обезбедат најмалку 50 бодови.

## 5. Потребна документација за пријавување на јавен повик

Покрај пријавата за финансиска поддршка која што треба да биде пополнета дигитално со печатни букви на кирилично писмо, потпишана од надлежното лице и заверена со печат на здружението, фондацијата, федерацијата, трговското друштво или установата, апликантот задолжително треба да ги достави и следниве прилози:

- Тековна состојба од Централен регистар или Решение за регистрација на здружение или фондација;
- Потврда дека немаат забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство (Централен регистар);
- Дигитално пополнет предлог - проект со печатни букви на кирилично писмо;
- Дигитално пополнет финансиски план со печатни букви на кирилично писмо;
- Изјава дека за активностите наведени во проектот досега не користеле средства од Град Скопје за 2023 година, а што би значело двојно финансирање на истите активности од исти извори, во тековната година;
- Потпишана изјава за подмирени обврски кон Град Скопје (данок, комунална такса)
- Потврда дека нема забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство.

## 6. Придружна документација

Апликантите во прилог на предлог - проектот треба да ја доставaт и следната документација:

- професионална биографија на стручните лица кои ќе бидат ангажирани во реализација на проектот;
- биографија на надворешни (независни) лица кои ќе вршат целосен надзор на процесот на порибување;
- годишен буџет на апликантот за тековната година;
- референтна листа на досега сработени исти или слични проекти (активности);
- најмалку две мислења/референци од партнери или донатори за реализација на претходни проекти со иста или слична цел;
- писмена поддршка од други организации или институции за кои е планирано да земат учество во реализацијата на проектот (институт за сточарство-завод за рибарство, ЈНУ хидробиолошки институт или одобрение од државен инспекторат за земјоделие-оддел рибарство);
- доказ дека апликантот го обезбедил или дека ќе го обезбеди порибителниот материјал.

**Напомена:**

**-Пријавите со непотполна документација или кои што ќе бидат доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат. Доставените прилози не се враќаат.**

**- Најдоцна во рок од 10 дена пред започнувањето на настанот да биде известен Град Скопје за датумите и времето на реализација на порибувањето;**

**- На денот на порибување да има вага за мерење и**

**- Да се состави записник на денот на порибувањето кој ќе биде потпишан од сите присутни претставници.**

**7. Приоритетни области на проектот - Порибување реки и езера во Скопје**

Приоритетни области на проектот се:

- Развој на спортскиот риболовен туризам во градот Скопје;
- Промоција на спортскиот риболовен туризам;
- Збогатување на рибниот фонд на реките и езерата во градот Скопје;
- Реинтродукција на македонската пастрмка (Salmo macedonikus Karaman, 1924) и реинтродукција на крап(Cyprinus carpio);
- Збогатување на туристичката понуда на градот Скопје преку развој на спортски туризам како дел од еко-туризмот.

**8. Период и локација на реализација на проектот**

Проектот треба да се реализира до 1-ви Декември 2023 година.

Предвидени локации за порибување:

-Река Вардар - Ендемска пастрмка (Salmo macedonicus Karaman,1924)

-Река Треска и езерото Матка, Св. Петка - Ендемска пастрмка (Salmo macedonicus Karaman,1924)

-Езерца во Градскиот Парк - Крап (cyprinus carpio)

**9. Начин на спроведување на јавниот повик**

Градоначалникот со Решение формира Комисија за спроведување на Јавниот повик.

Комисијата ги разгледува и евалуира пристигнатите пријави за доделување на финансиски средства и документацијата доставена во прилог за реализација на проектот Порибување реки и езера во Скопје за 2023 година, подготвува записник и истиот го доставува до Градоначалникот на Град Скопје.

Апликантите ќе бидат известени за резултатите во рок од **15 дена** од денот на завршување на Јавниот повик.

Апликантот кој ги исполнил критериумите согласно Јавниот повик ќе склучат договор за доделување на финансиски средства со Град Скопје.

**10. Рок и начин на доставување на пријавите**

Рокот за поднесување на пријавите е **5 дена** од денот на објавување на Јавниот повик.

Пријавата со целокупната документација треба да се достави во затворен и запечатен коверт на адреса: **Град Скопје, Сектор за локален економски развој, бул. "Илинден" бр.82, 1000 Скопје** (со назнака – Пријава за јавен повик за финансиска подршка за реализација на проектот-Порибување реки и езера во Скопје, Сектор за локален економски развој)

Пријавата за доделување на финансиски средства и финансиската конструкција се достапни во просториите на Град Скопје, Одделение за поддршка на развој на туризам и угостителство.

Прашања за појаснување може да се поставуваат писмено или по електронски пат до Сектор за локален економски развој на адреса: Biljana.Stojmanovska@skopje.gov.mk.Контакт тел: (02)3297-284 и (02)3297-218 – Сектор за локален економски развој.

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ГРАД СКОПЈЕ**

Данела Арсовска